## 10. ДЕПОЗИТИ

Екранот „Депозити” дава сметководствен, табеларен и графички приказ на информации поврзани со депозитните сметки и истиот овозможува достап до:

- ***Преглед***- менито прикажува информации за расположливо салдо, почетна и тековна состојба, датум на отворање и доспевање на депозитот, информација за блокираниот износ на депозитот и пресметаната камата на истиот.

- ***Состојба***- табеларен приказ на моментално расположливиот износ на депозитот.

- ***Извод***- следење на извод on-line, трансакции во тековниот ден и процесирани трансакции за даден период, односно полнење и полнење/празнење на депозит-Умна депозитна сметка. Оттука може да се прави пренесување на податоците во excel, pdf, xml.

- ***Промет*** - графички приказ на дневна состојба, месечен и годишен промет на депозитот.

**-** ***Отворање*** - дава можност за отворање на Депозит Фикс и Умна депозитна сметка.




УНИ Банка
Твојата Банка

**Отворање на Депозит** се врши со избор на:

- ✓ периодот на орочување на депозитот
- ✓ валутата во која се креира депозитот
- ✓ методот за пресметка на камата (начин на исплата на каматната стапка на депозитот месечно или по доспевање)
- ✓ преку копчето се избира платежната сметка од која ќе се повлечат средства за креирање на депозитот
- ✓ износот на кој треба да гласи депозитот
- ✓ се обележува задолжителниот *check box*
- ✓ се креира договорот за депозит со избор на полето ,,Договор"






Надополнување на депозит како функционалност е дозволена и за Депозит фикс и за Умна депозитна сметка и истото се врши преку *Преглед на депозити* со избирање на синото копче *Полнење* ПОЛНЕЊЕ ›, додека празнење на депозитот како функционалност е дозволена само за Умна депозитна сметка и истото се врши со избирање на црвеното копче *Празнење* ПРАЗНЕЊЕ ›.

*Оваа услуга е достапна само за физички лица.*